# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

6 Февруари 2018
Скопје
Број 1, година XIII
contact@kiselavoda.gov.mk





**Скопје, Февруари, 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за именување на претставници од
Општина Кисела Вода во Управниот одбор на
ЈДГ „8-ми Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје

1.Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Кисела Вода во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 08-1219/1
6.02.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 114 точка 10 од Закон за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017) и член 16, точка 7, и член 34 став 1, точка 19 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје, бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06 и бр.15/14) Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за именување на претставници од Општина Кисела Вода во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се именуваат претставници од Општина Кисела Вода во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје.

**Член 2**

За претставници од Општина Кисела Вода во Управниот одбор на ЈДГ „8- ми Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје се именуваат:

-Саша Величковиќ, и

-Ивана Зафировски.

Член 3

Членовите на Управниот одбор се избираат односно именуваат за период од 4 години.

**Член 4**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување претставници на Општина Кисела Вода во Управниот одбор на ЈДГ „8- ми Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје бр. 07–79/10 од 30 август 2013 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-686/3
30 јануари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за именување на претставник од Установата
во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март”
на Општина Кисела Вода во Град Скопје

1.Се објавува Одлуката за именување на претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1219/2
6.02.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 114 точка 10 и точка 16 од Закон за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017) и член 16, точка 7, и член 34 став 1, точка 19 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

# О Д Л У К А

за именување на претставник од Установата во Управниот одбор
на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје

## Член 1

Со оваа Одлука се именува претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје.

## Член 2

За претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје се именува:

- Марина Синадиновска

## Член 3

Членовите на Управниот одбор се избираат односно именуваат за период од 4 години.

## Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-686/4
30 јануари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за именување на претставници од
Совет на родители во Управниот одбор
на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје

1.Се објавува Одлуката за именување на претставници од Совет на родители во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1219/3
6.02.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 114 точка 10 и точка 17 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017) и член 16, точка 7, и член 34 став 1, точка 19 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

за именување на претставници од Совет на родители во Управниот одбор
на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје

### Член 1

Со оваа одлука се именуваат претставници од Совет на родители во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје

### Член 2

За претставници од Совет на родители во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март” на Општина Кисела Вода во Град Скопје се именуваат:

- Јованка Цветановска
- Миљан Николоски

### Член 3

Членовите на Управниот одбор се избираат односно именуваат за период од 4 години.

### Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-686/5
30 јануари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за именување на претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „Весели Цветови”<br>на Општина Кисела Вода во Град Скопје

1.Се објавува Одлуката за именување на претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „Весели Цветови” на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1219/4<br>6.02.2018 година<br>С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода<br>Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 114 точка 10 и точка 16 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017) и член 16, точка 7, и член 34 став 1, точка 19 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

за именување на претставник од Установата во Управниот одбор
на ЈДГ „Весели Цветови" на Општина Кисела Вода во Град Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се именува претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „Весели Цветови" на Општина Кисела Вода во Град Скопје.

**Член 2**

За претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „Весели Цветови" на Општина Кисела Вода во Град Скопје се именува:

-Наташа Ѓорѓиева

**Член 3**

Членовите на Управниот одбор се избираат односно именуваат за период од 4 години.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-686/6
30 јануари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1219/5
6.02.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ” бр.103/08) и член 16 точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

за изменување и дополнување на Одлуката за именување
на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори
во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

### Член 1

Во Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода број 09-8465/3 од 18.11.2015 година во член 2 точка 3 (ООУ „Партенија Зографски” -Скопје) алинеа 2 се заменува со зборовите „Иванка Стојаноски”.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-686/7
30 јануари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за утврдување на надоместокот на трошоците
за избори на учесниците во изборната кампања за членови на
Совет на Општина Кисела Вода и градоначалник на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за утврдување на надоместокот на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања за членови на Совет на Општина Кисела Вода и градоначалник на Општина Кисела Вода, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1219/6
6.02.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на членот 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и членот 86 од Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр. 40/06,136/08,44/11,51/11,142/12,31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на надоместокот на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања за членови на Совет на Општина Кисела Вода и градоначалник на Општина Кисела Вода

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува износот на надоместокот на трошоците за избори на учесниците во изборна кампања од чии листи на кандидати се избрани членови на Советот на Општина Кисела Вода и Градоначалник на Општина Кисела Вода и надоместокот на трошоците за избори на учесниците во изборна кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на совет, односно кандидат за градоначалник ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на локалните избори одржани во 2017 година.

**Член 2**

На учесниците во изборна кампања од членот 1 на оваа одлука учесници на локалните избори одржани во 2017 година, им се утврдува надоместок на трошоците за избори во висина од 15 денари по добиен глас.

**Член 3**

Надоместокот на трошоците за избори на учесниците во изборна кампања од чии листи на кандидати се избрани членови на Советот на Општина Кисела Вода и Градоначалник на Општина Кисела Вода и надоместокот на трошоците за избори на учесниците во изборна кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на совет, односно кандидат за градоначалник на локалните избори одржани во 2017 година е утврден согласно конечно објавените резултати од Државната изборна комисија на Република Македонија.

Надоместокот од членот 2 на оваа одлука, поединечно за секој учесниците во изборна кампања е искажан во следниот табеларен преглед:

| Политичка партија | Освоени гласови за Градоначалник | Освоени гласови за Советници | Вкупно освоени гласови | Надоместок на трошоци | Вкупен надоместок |
|---|---|---|---|---|---|
| Коалиција за локални избори 2017 год. предводена од СДСМ | 16.207 | 16.781 | 32.988 | 15 | 494.820 |
| Коалиција за локални избори 2017 год. ВМРО-ДПМНЕ | 12.277 | 15.797 | 28.074 | 15 | 421.110 |
| Вкупно: | 28.484 | 32.578 | 61.062 | 15 | 915.930 |

**Член 4**

Надоместоците утврдени во членот 3 на оваа Одлука ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Кисела Вода на жиро сметките на учесниците во изборна кампања кои во законски утврдениот рок до Општина Кисела Вода поднеле финансиски извештај за изборната кампања на локалните избори одржани во 2017 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-686/8
30 јануари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за донација на огревно дрво
на Хуманитарна организација „Свети Спас” Драчево

1.Се објавува Одлуката за донација на огревно дрво на Хуманитарна организација „Свети Спас” Драчево, донесена на Шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 30.01.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 08-1219/7
6.02.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002),член 34 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), член 2, член 3 став 1 точка 1, 4 и 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности „Службен весник на РМ” бр. 47/2006; 86/2008; 51/2011; 28/2014; 153/2015), Советот на Општина Кисела Вода на Шестата пленарна седница одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за донација на огревно дрво
на Хуманитарна организација „Свети Спас” Драчево

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Кисела Вода донира 126 м3 огревно дрво бука во вкупна вредност од 464.030,оо денари со вклучен ДДВ и транспорт, на Хуманитарна организација „Свети Спас” Драчево.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со Хуманитарна организација „Свети Спас” Драчево во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-686/9
30 јануари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

СОДРЖИНА:

1. Одлука за именување на претставници од Општина Кисела Вода во Управниот одбор на ЈДГ „8 Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје;

2. Одлука за именување на претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје;

3. Одлука за именување на претставници од Совет на родители во Управниот одбор на ЈДГ „8-ми Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје;

4. Одлука за именување на претставник од Установата во Управниот одбор на ЈДГ „Весели Цветови" на Општина Кисела Вода во Град Скопје;

5. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода;

6. Одлука за утврдување на надоместокот на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања за членови на Совет на Општина Кисела Вода и градоначалник на Општина Кисела Вода;

7. Одлука за донација на огревно дрво на Хуманитарна организација „Свети Спас" Драчево;